РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ - PLASNITSA BELEDİYESİ
Бр.-No. 04- 351/27
04. 08 2023 год.- yıl
ПЛАСНИЦА - PLASNITSA

Врз основа на член 52 став (1), (2) и (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ"бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/16, 127/16, 142/2016 2/17, 16/17, 11/2018, 275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022 година), Градоначалникот на Општина Пласница донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор за унапредување на административен службеник**
**по интерен оглас**

1.По интерниот оглас бр.1/2023 објавен на ден 18.07.2023 година, за унапредување на административни службеници во Општина Пласница се избираат:
- **Суат Бејзароски**, за работно место, Виш соработник за Буџетска кординација - Одделение за финансиски прашања, шифра: УПР0101В02 000,
- **Сенифер Синаноска**, за работно место, Самостоен референт за административни работи од областа на управувањето со човечки ресурси - Одделение за управувањето со човечки ресурси, шифра: УПР0101Г01 000,
- **Шефит Алијоски**, за работно место, Самостоен референт за административни работи од областа на управувањето со човечки ресурси - Одделение за управувањето со човечки ресурси, шифра: УПР0101Г01 000 и
- Ѓулхает Мустафоска, за работно место, Виш референт за администрирање на даноци, такси и надоместоци – Одделение за финансиски прашања, шифра: УПР 01 01 Г02 000.

**2.**Именуваните ќе бидат унапредени на работното место од став 1 на оваа Одлука во рок од пет дена по конечноста на оваа Одлуката.
**3.**Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 18.07.2023 година на веб страницата на општина Пласница и на веб страната на Агенцијата за администрација, објавен е интерен оглас бр.1/2023 за унапредување на административни службеници во Општина Пласница.

Со Решение бр.04-351/23 од 25.07.2023 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас. Комисијата спроведе административна селекција и состави Записник бр.04-351/24 од 03.08.2023 година, и спроведе интервју со уредните кандидати, и за истото состави Записник бр.04-331/25 од 03.08.2023 година.

Врз основа на вкупно освоените бодови од административната селекцијата и спроведеното интервјуто, Комисијата состави финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, поединечно за секое работно место, предвидено во Интерниот оглас бр.1/2022 година.

Од доставената финална ранг листа и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат, Градоначалникот на Општина Пласница изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Доставено до:

- именуванист,
- архива

ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
АЛИЈА ЈАОСКИ